# Скиатос лето 2011

Terratravel

**ОСТРОВОТ СКИАТОС** – припаѓа на групата Северни Спорадi и се простира на 48 км², додека должината на ривиерата е 44 км. Овој остров е прекриен со густа борова шума, познат по долгите песочни плажи и кристално чистото море. Главен и единствен град на островот е Скиатос. Островот нуди голем избор на таверни, барови и места за престој кои се доказ дека ова место е прекрасно.
Скиатос е еден од ретките острови во Грција кој го нема сменето своето првично име. Се претпоставува дека неговото име доаѓа од грчкиот збор *Skia* што во превод значи *сенка*. Тоа име го добил бидејќи островот лежи под сенката на планината Пелион.
Скиатос има многу знаменитости кои треба да се посетат како што се многубројните манастири, импресивните стари градби, тврдини...
На овој остров има повеќе од 60 песочни плажи кои се причина за многу туристи да се враќаат на островот повеќепати, речиси по една за сечиј вкус, а зависно од тоа во кој дел престојувате може да имате мирен и релаксиран одмор или пак може да уживате во поактивен одмор со разновидни екскурзии, спортови и ноќен живот.
**Koukounaries** е една од најпознатите грчки плажи – долга песочна плажа со прекрасна околина, таверни, барови и водени спортови. Плажата Banana е позната како нудистичка плажа и е поделена на два дела од кои едниот Agia Paraskevi – совршена за фамилии и Lalaria – бела камена плажа до која може да се пристигне само со брод. Скиатос исто така има и активен ноќен живот, особено за време на високата сезона. Многубројните дискотеки се наоѓаат на таканаречениот "Disco Strip" на крајот на пристаништето а баровите се претежно лоцирани на "Bar Street".

| Дата на поаѓање | 31/05 | 09/06 | 19/06 | 28/06 | 07/07 | 17/07 | 26/07 | 04/08 | 14/08 | 23/08 | 01/09 | 11/09 | 20/09 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ноќи | 9 | 10 | 9 | 9 | 10 | 9 | 9 | 10 | 9 | 9 | 10 | 9 | 9 |
| Цена по лице во 1/2 | 99€ | 129€ | 149€ | 219€ | 249€ | 269€ | 269€ | 279€ | 269€ | 249€ | 229€ | 139€ | 119€ |

**Напомена:**

- Состанок на групата на паркингот спорти хотелот Холидеј Ин во 22.30ч, поаѓање е во 23.00ч.
- Термините објавени во табелата се однесуваат на ден на поаѓање, влез во објектите е следниот ден.
- Цените се однесуваат на пакет аранжман по лице(9 или 10 ноќевања со вклучен превоз+ брод) за минимум 2 лица.
- Цените се изразени во ЕУР, плаќањето е исклучиво во денарска противвредност
- Трето лице добива 20% попуст на трето легло
- Прво дете од 02-12 год. добива 50% попуст на трето легло
- Дете до 2 год. плаќа 4.940 ден. (само превоз)
- Сите попусти за деца и трето лице важат при сместување со две возрасни лица
- Само автобуски превоз 110 еур за возрасни, 80 еур за деца до 12 год.
- За користење на аранжман со сопствен превоз се одбива 45 еур за возрасни, 25 еур за деца